Врз основа на чл. 66 од Законот за високото образование, Деканатската управа при Технички факултет – Битола на седницата одржана на 24.08.2010 год. донесе

# О Д Л У К А

## за начин на упис во зимски семестар во ак. 2010/2011 год. за студенти по ЕКТС, прв циклус студии

1. Студентот запишан по ЕКТС, прв циклус студии, во зимски семестар:

-задолжително повторно ги запишува сите предмети (кредити) што не ги положил заклучно со септемврискиот испитен рок од претходниот односно од претходните зимски семестри;

-запишува нови предмети (кредити) од наредниот, односно од наредните зимски семстри според студиската програма. Притоа, прво се запишуваат нови задолжителни предмети, а потоа нови изборни предмети;

-ако студентот веќе ги положил сите предмети од претходниот зимски семестар тогаш сите предмети се нови предмети од наредниот, односно редоследно од наредните зимски семестри.

По правило, студентот запишува 30 кредити по семестар, но може да запише број на предмети кои носат минимум 18 кредити, но не повеќе од 42 кредити (за студенти кои немаат заостанати предмети).

Студентите коишто имаат заостанати предмети, односно кои повторно запишуваат еден или повеќе предмети, можат да запишат најмногу 36 кредити.

Студентите (во државна квота, квота со кофинансирање и вонредните студенти) коишто повторно запишуваат предмет, плаќаат 80% од износот на партиципацијата односно кофинансирањето.

Диференцијалните предмети не се запишуваат како заостанати предмети (кредити). Истите се полагаат без прослушување со уплата од 300,00 денари по испит.

При уписот, секој студент пополнува посебен пријавен лист за упис и пријавни листови за избор на предмети, кои за секоја студиска програма се добиваат од скриптарата на Факултетот.

При пополнување на пријавниот лист задолжително се приложува на увид Договорот за студирање.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.02-_______
24.08.2010
Б и т о л а

Деканатска управа
Декан

Ред. проф. д-р Весна Микаровска